ГРАВЕ
осигурување а. д.

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ОД НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ КОЈ ИМА ЗА ПОСЛЕДИЦА СМРТ

## ЛВ 80030

За ова осигурување важат Општите услови за осигурување на лица АБП 2006


Член 1. Осигурителен случај
Член 2. Поим за несреќен случај
Член 3. Ограничување на обемот на осигурувањето
Член 4. Просторно важење на осигурувањето
Член 5. Завршни одредби


### Осигурителен случај

**Член 1.**

(1) Ако дојде до смрт на осигуреник од последица на несреќен случај за времетраењето на осигурувањето, а пред навршување на 75 години живот и во почетокот на траењето на дополнителното осигурување за случај на смрт, а и во време од една година по несреќниот случај, ГРАВЕ покрај осигурениот износ за животно осигурување го надоместува и договорениот осигурен износ од дополнителното осигурување од несреќен случај што како последица е смртта на осигуреникот. ГРАВЕ го исплатува надоместокот од дополнителното осигурување од несреќен случај кој има за последица смрт на осигуреникот, иако надоместокот од основното осигурување за живот се исплаќа подоцна.

(2) Осигурителното покритие од дополнителното осигурување од несреќен случај кој има за последица смрт на осигуреникот трае додека постои основното осигурување за живот. Не е возможен откуп или измена на дополнително осигурување од несреќен случај во осигурување ослободено од плаќање на премија (капитализација). Кај дополнителното осигурување од несреќен случај право на учество во добивката не е можна.

(3) За разлика од одредбите од ст.2 на овој член, можно е да се откупи дополнително осигурување од несреќен случај, под услов да се откупува основното осигурување за живот кое е договорено со однапред плаќање на целокупната премија на осигурувањето. Откуп на дополнителното осигурување од несреќен случај во таков случај е можен под услов истовремено да се изврши откуп на основното осигурување на живот. Откупот ќе биде изработен врз основа на техничко-деловен план на ГРАВЕ.

(4) Кај осигурувањето на животот каде се осигурени две лица со една полиса, осигурениот износ од дополнителното осигурување од несреќен случај ќе биде исплатен во двоен износ ако настапи смртта и на двата осигуреника истовремено во текот на несреќниот случај. Како истовремена смрт на двата осигуреника се смета дека смрта настапила како последица од ист несреќен случај во моментот на настанот, но во време од една година од денот на настанот ако смртта е последица од тој несреќен случај.

### Поим за несреќен случај

**Член 2.**

(1) Како несреќен случај, во смисла на овие услови се подразбира ненадеен настан кој независно од волјата на осигуреникот делува механички или хемиски на неговото тело, предизвикувајќи смрт.

(2) Во смисла на претходниот став, за несреќен случај се сметаат исто така независно од волјата на осигуреникот и следниве настани:

1) давење;

2) изгореници, удар на гром или електрична струја;

3) вдишување на гасови и отровна пареа, земање на отровни материи ако до тоа дошло постепено;

4) истегнување на мускули, ишчашување, кинење на зглобно врзивно ткиво, прелом на здрави коски кои настануваат при нагли телесни движења.

(3) Како несреќен случај не се смета смрт која настапила како последица на извршување на смртна казна.

(4) За несреќен случај не се сметаат обичните или заразните болести од сите видови, влијанието на светлоста, температурата, времето и зрачењето од кој било вид.

(5) Самоубиството не се смета за несреќен случај.

### Ограничување на обемот на осигурувањето

**Член 3.**

(1) Осигурителното покритие не важи за:

1) несреќен случај кој осигуреникот ќе го доживее при епилепсија, при тешки нервни болести или психички пречки или ако е слеп, глув или од други причини веќе е 70% инвалид;

2) несреќен случај при повреда на работа или напад, ако до тоа дошло како последица на консумирање на алкохол или наркотик;

3) несреќен случај кој ќе му се случи на осигуреник при приведување од страна на органот за безбедност (полиција) поради намерно кршење на законот или пропис;

4) несреќен случај кој осигуреникот ќе го доживее при управување со моторно возило без важечка дозвола за тој тип на возило, како и при управување на моторно возило кое служи за постигнување на брзински рекорди и за време на учество на тренинзи и натпревар со такви возила;

5) несреќен случај во случај на војна, немири и нереди ако осигуреникот бил на страната на провокаторот на немирот.

(2) ГРАВЕ не дава осигурително покритие ако до смртта на осигуреникот дојде поради болест која нема никаква врска со несреќен случај или ако смртта е последица на променета состојба или заради некоја друга деформација.

(3) На основа на посебна спогодба ГРАВЕ дава осигурително покритие за несреќни случаи кои осигурениците ќе ги доживеат како патници на редовни линии, односно на службено дозволени летови.

### Просторно важење на осигурувањето

**Член 4.**

Осигурувањето важи во сите земји на светот.

### Завршни одредби

**Член 5.**

Одредбите од Општите услови за основното осигурување на живот се применуваат и за дополнителното осигурување од несреќен случај ако во одредбите на овие услови не е поинаку определено.